Упатство за пациентот
**Mycoril® крем**
**clotrimazole**

**Прочитајте го упатството внимателно пред да започнете со употреба на овој лек, бидејќи содржи важни информации за Вас.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра.
- Овој лек Ви е препишан само Вам. Не го давајте на други лица. Може да им наштети, дури и ако нивните знаци на болест се исти како Вашите.
- Ако добиете било какви несакани ефекти, разговарајте со Вашиот лекар, фармацевт или медицинска сестра. Ова ги вклучува сите можни несакани ефекти кои не се наведени во ова упатство. Видете дел 4.

**Состав:**
Активна супстанца: клотримазол
Ексципиенти: емулгиран восок, течен парафин, бел мек парафин, бутилиран хидроксителуен, алкохол, прочистена вода

**Производител**
Remedica Ltd,
Limassol Industrial Estate,
Limassol, Кипар, EU

**Носител на одобрение за ставање на лекот во промет:**
СЕПТИМА дооел
Ул. Христо Татарчев 13 бр.9, Скопје
Р Македонија

**Упатството за пациентот содржи:**

1. ШТО Е MYCORIL® КРЕМ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА
2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ MYCORIL® КРЕМ
3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА MYCORIL® КРЕМ
4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ
5. НАЧИН НА ЧУВАЊЕ НА MYCORIL® КРЕМ
6. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

## 1. ШТО Е MYCORIL® КРЕМ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Микорил крем се користи за лекување на габични инфекции на кожата, како како дерматофитоза, атлетско стопало, габичен пеленски осип и габични

осип. Исто така се користи за ублажување на иритација на вулвата (надворешна кандидијаза) или на крајот дел на пенисот, при инфекции кои можат да бидат поврзани со инфективни заболувања.
Ако не сте сигурни дали Вие (или Вашето бебе, доколку го лекувате од пеленски осип) има еден од овие габични инфекции на кожата, побарајте совет од Вашиот лекар или фармацевт.
Клотримазол, активната компонента на Микорил крем, припаѓа на групата лекови наречени имидазоли кои се антифунгални агенси кои се употребува за третман на габични кожни инфекции.

## 2 ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ MYCORIL®КРЕМ

***Не користете Микорил Крем:***
- Ако Вие (или Вашето бебе кое го лекувате од пеленски осип) сте алергични (преосетливи) на клотримазол или било која од другите состојки на овој лек (наведени во дел 6).
- За третирање на инфекција на нокти или на скалпот.

***Предупредувања и мерки на претпазливост***
Разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт пред да го користите Микорил крем.
Како и со другите креми, Микорил крем може да ја намали ефикасноста на гумените контрацептиви, како што се кондоми или дијафрагми. Како резултат на тоа, ако го користите овој крем на вулвата или пенисот, треба да се користат алтернативни мерки на претпазливост за најмалку пет дена од денот на користење на овој лек.

***Други лекови и Микорил крем***
Кажете му на Вашиот лекар или фармацевт ако користите, неодамна сте користеле или планирате да користите други лекови.

***Бременост и доење***
Ако сте бремени или доите, мислите дека сте бремени или планирате да останете бремени, прашајте го Вашиот лекар или фармацевт пред да го користите Микорил крем. Ако сте информирани од Вашиот лекар, внимателно следете ги неговите / нејзините инструкции.

## 3.КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА MYCORIL®КРЕМ

Секогаш земајте го овој лек точно како што Ви кажал вашиот лекар или фармацевт. Проверете кај Вашиот лекар или фармацевт ако не сте сигурни.
Ако Микорил крем е препишан за Вас од страна на Вашиот лекар, следете ги сите инструкции кој Ви се дадени:

- Пред употреба, продупчете ја тубата со превртување на капачето на самата туба и притиснете.
- Ако стапалата се инфицирани, тие треба да се мијат и сушат темелно, особено помеѓу прстите, пред да се примени кремот.

- Микорил кремот треба да се применува нежно во тенок и рамномерно нанесен слој на погодените места два или три пати на ден.
- Лента на крем (1/2 см долга) е доволно да се третираат површина со големина на раката.
- Времетраењето на третманот зависи од типот на инфекција. Општо земено, се бара минимум две недели, иако некогаш и до четири недели може да биде потребно.
-Ако имате атлетско стопало, може да се користи и антифунгален прашок. Прашајте го Вашиот лекар или фармацевт да Ви препорача.

Симптомите на инфекција на кожата, како што се чешање или болка, треба да се подобрат во рок од неколку дена од третманот, иако симптомите како што се црвенило и печење може да потрае подолго пред да исчезнат. Ако симптомите продолжат, консултирајте се со Вашиот лекар.

**Микорил крем е за надворешна употреба:**
Не ставајте крем во устата и не го голтајте. Ако кремот се проголта случајно, кажете му на Вашиот доктор веднаш или обратете се во најблиската болница.
Ако случајно ставите крем во очите или устата, веднаш измијте го со вода и обратете се кај Вашиот лекар.

**Ако сте заборавиле да земете Микорил крем**
Применете го кремот што е можно поскоро, а потоа продолжете го остатокот од третманот како и вообичаено. Не користете двојна доза за да ја надоместите пропуштената доза.

**Можете да помогне на овој третман да делува доколку ги следите овие едноставни совети:**
• Иако инфицираната област ќе Ве чеша, обидете се да не се чешате. Чешањето ја оштетува површината на кожата и може да предизвика ширење на болеста и понатаму.
• Чувајте ги афектираните делови од кожата чисти.
• Обрнете посебно внимание на сушење на кожата, но избегнете силно триење.
• Не ги делете крпите, подлогите во бања, итн со други луѓе затоа што може да се прошири инфекцијата и кај нив.
• Секогаш мијте ги рацете после третманот на инфекцијата за да спречите ширење.

**Ако имате атлетско стопало:**
• Секогаш исушете ја кожата помеѓу прстите темелно.
• Миете ги чорапите и хулахопките темелно во топла вода за да се отстрани ислупената кожа или габични спори.
• Менувајте ги Вашите обувки доколку е можно.

## 4.МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Како и сите лекови Микорил крем може да предизвика несакани ефекти, иако не мора да се јават.
Како и со сите лекови, некои луѓе може да биде алергични на кремот. Доколку Вие или Вашето бебе сте алергични, реакцијата ќе се случи наскоро откако ќе почнете да го

користите кремот. Ако Вие или Вашето бебе искусите алергиска реакција, престанете да го користите Микорил крем и кажете му на Вашиот доктор веднаш или јавете се на Одделот за итни случаи во најблиската болница. Знаци на алергиска реакција може да вклучуваат:

• Осип.
• Проблем со голтање или дишење.
• Отекување на усни, лице, грло или јазик.
• Слабост, вртоглавица или несвестица.
• Гадење

Откако ќе се примени кремот може да добиете:

• Чешање, црвенило, плускавци, чуство на горење, непријатност, оток, иритација, црвенило и лупење на кожата.

**Пријавување на несакани ефекти**
Ако добиете несакани ефекти, разговарајте со Вашиот лекар или фармацевт. Ова ги вклучува сите можни несакани ефекти кои не се наведени во ова упатство. Вие исто така може да пријавувате несакани ефекти директно во Националниот систем за пријавување. Со пријавување на несаканите ефекти може да помогнете во обезбедување на повеќе информации за безбедноста на овој лек.

## 5.НАЧИН НА ЧУВАЊЕ НА MYCORIL® КРЕМ:

Чувајте го овој лек надвор од дофат на деца.

Не го употребувајте овој лек после истекот на датата која е наведена на кутијата. Истекот на датата се однесува на последниот ден од тој месец.

Да се чуваа под 25ºC, заштитено од светлина и влага. Капачето на тубата на кремата треба цврсто да се затвори после секоја употреба.

## 6. ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Микорил крем**
- активната супстанца е клотримазол.
- Микорил крем содржи 1% w / w клотримазол.
- Останати ексципиенси се: емулгиран восок, течен парафин, бел мек парафин, бензил алкохол, бутилиран хидрокситолуен и прочистена вода.

**Како изгледа Микорил крем**
Бел, мек, хомоген крем.

**Пакување:**
**Микорил крем 1% 20g:** Al туба x 20g/ кутија

**Начин на издавање:**
(R) – лекот се издава само на лекарски рецепт

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP * СКОПЈЕ

**Број и датим на решение за промет**

Mycoril® крем 1% 20g: 15-678/14 од 01.09.2014

**Датум на прва и последна корекција на упатството**

Декември 2018